Бр./Nr 12-515/1
28-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1131/1 од 13.03.2025 година, оформен по доставена пријава против службени лица вработени во Општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапил надлежен орган.

Предметот со бр. 12-1131/1 од 13.03.2025 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 13.03.2025 година, поднесена е пријава, како и нејзини дополнувања на ден 15.04.2025 година и 25.04.2025 година, против службени лица вработени во Општина ----и оформен е предмет бр. 12-1131/1 од 13.03.2025 година.

Подносителот на пријавата укажува на сомнежи за фалсификување службена документација од страна на службени лица во Општина ---- и злоупотреби при носењето на деталните урбанистички планови во Општина ----. Според наводите злоупотребите се однесувале на прикривање на фактичката состојба на терен при носењето на деталниот урбанистички план ---- помеѓу ---- и ----, локалитет ----, ---- и ----, изгласан од Советот на Општина ---- на ден 13.03.2025 година на начин што: на место кадешто биле изградени куќи се предвидувало градба на пат; не била почитувана одлуката на Совет за ревизија од 20.04.2022 година; била користена неажурирана и фалсификувана геодетска подлога од 2016 година во 2025 година; биле избришани потпорните ѕидови; не било применето мислењето на Дирекцијата за заштита и спасување за ревизија и корекција на урбанистичкиот план; било планирано населување на 5.000 жители во заштитено подрачје (парк-шума ----); за 39% биле намалени површините за сообраќајници, а за 32% била зголемена изградноста за домување; не биле предвидени тротоари за изградба на улиците; била предвидена изградба на густо поставени куќи; постоела опаснсот од промена на водотеците на потоците ----, ---- и ----; истите физички лица кои биле сопственици на земјиштето, учествувале во јавните анкети преку фирми (за да се зголемела цената со носењето на дуп-от) и; пристрасно изготвување на дуп-от со цел “да им се удоволи на луѓе од прввиот ред” и ”да се прекинат постапки за експропријација”.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (понатаму: ДИГУ), како и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (понатаму: ЈОРСМ), со цел да се утврди дали бил оформен кривичен предмет во јавните обвинителства во РСМ заради испитување на предметните наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

ДИГУ, известува дека стручните служби на Општина ---- го изработиле спорниот урбанистички план согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и дека била добиена Согласност од Министерството за транспорт и врски со бр. ---- од 12.10.2018 година, со која согласно член 38 став 1 од истиот Закон, се потврдувало дека истите биле изработени во согласност со одредбите на законот и прописите изведени врз основа на истиот. Дополнително, навеле и дека согласно член 88 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ДИГУ немал надлежност да врши инспекциски надзор над постапката за донесување на Детален урбанистички план. Согласно член 85 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020, 111/2023, 171/2024, 224/2024, 40/2025, 101/2025 и 127/2025), доколку инспекторот утврди неправилности или незаконитости, бил должен да донесе решение со кое ќе го задолжи субјектот на надзор да ја отстрани неправилноста или незаконитоста, но истото можело да се спроведе само доколку планот бил во тек на изработка, што не било во конкретниот случај. ДИГУ навел и дека согласно член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа, општината била надлежна за урбанистичко планирање, издавање на одобренија за градба на објекти од локално значење. Исто така, единствено Уставниот Суд на РСМ можел да поведе постапка за оценување на уставноста или законитоста на акти со кои бил донесен дуп-от, односно негово поништување или укинување.

ЈОРСМ, известува дека Основното јавно обвинителство Скопје (понатаму: ОЈО Скопје) донело Резолуција XXX РО бр. ---- од 16.05.2025 година, по доставени претставки по електронска пошта, со идентична содржина како пријавата доставена до ДКСК. ОЈО Скопје констатирало дека од содржината на доставените претставки и фотографиите доставени во прилог кон истите, не произлегувал фактички опис на евентуален настан, отсуствувала конкретизација на евентуални дејствија на извршување, од страна на пријавителот не биле посочени релевантни факти и околности од кои би можело да се утврди дека е сторено кривично дело за кое се презема гонење по службена должност.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган (ОЈО – Скопје), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б. член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk